

# МАРКО КОЛЕВ

## 100 дена
## Градоначалник на Општина Велес

Февруари 2022

Почитувани сограѓани,

Изминаа 100 дена откако ми ја дадовте Вашата доверба за Градоначалник на Општина Велес. Чест и задоволство ми претставува што покажавме дека за само 100 дена нештата можат суштински да се променат кога се работи чесно и одговорно.

Во овој период на прилагодување, но и континуирано работење исполнето со многубројни предизвици, работев трудољубиво и сплотено, со студиозен пристап кон сите поголеми и помали проекти, со подеднакво значење за развојот на Велес. Заедно со вработените во општинската администрација продолживме да работиме на реализација на веќе започнатите проекти, но и на нови конструктивни решенија со кои општината ќе стане уште поубаво место за живеење.

Но не застануваме тука. Пред нас се уште многу денови, месеци и години макотрпна работа, сè со цел од Велес да направиме просперитетен и модерен град за сите сегашни и идни генерации. Затоа, почитувани сограѓани, пред Вас е мојот отчет за сработеното во изминатите 100 дена како Градоначалник.

Велес е мојот град, градот кој го сакам! Велес станува поубаво место за живеење! Велес за сите граѓани!

Со почит,

Марко Колев



www.veles.gov.mk +389 43 232 406 marko.kolev@veles.gov.mk

## Потпишани договори со ВПР

Потпишани два Договори за соработка во вкупна вредност од 16.417.607 денари помеѓу Центарот за развој на Вардарски плански регион и Општина Велес.
Дел од финансиските средства во висина од 10.267.607 денари ќе бидат наменети за асфалтирање на две улици во Индустриската зона УЗУС, додека 6.150.000 денари ќе се наменат за купување на возило за потребите на ТППЕ.





## Градски пазар

Финализиран горниот дел од новиот Градски пазар. Во тек е изградба на долниот дел.
Вкупната инвестиција е 84.944.749 денари од кои дел се обезбедени од Владата, а останатите средства се заем од Светска банка.

## Паметни решенија за Велес - продолжуваме

Потпишан договор за грант со Делегација на ЕУ за реализација на проект „Паметни решенија за Велес-продолжуваме“ со кој ќе се уредува централно градско подрачје.
Проектот е во вкупна вредност од 46.365.699 денари од кои 85 % од инвестицијата или 39.410.890 денари се обезбедени од ЕУ , а 15 % или 6.554.862 денари се обезбедени од буџетот на Општина Велес.







## Водоснабдителен систем во Сопот

Потпишан договор за грант со Министерството за финансии за изградба на водоснабдителен систем во Сопот. Грантот во висина од 12.420.842 денари е доделен од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка).
Дел од средствата ќе бидат наменети за набавка на возило за одржување на водоводите во руралните средини.

# ПРОЕКТИ

Во почетна фаза е реализацијата на проектот (ReLOaD2) финансиран од ЕУ и УНДП.
Проектот ќе овозможи за првпат да се финансираат проекти за граѓански организации со средства обезбедени од ЕУ и ќе бидат од интерес на целата локална заедница.






Во тек е проект за дигитализација и подобрување на општинските услуги за граѓаните „Поблиску до граѓаните – Зајакнување на општинските услуги преку нови технологии“, во вредност од 2.550.000 денари, финансиран од УНДП.

Потпишан договор за санација на канал за одведување на фекални отпадни води во населба Превалец во висина од 1.111.575 денари, обезбедени од буџетот на општина Велес.



Во финална фаза е проектот за изработка на Физибилити студија за мрежа за јавен градски превоз. Студијата ја изработува израелска компанија „РОМ транспорт“, во вредност од 5.148.349 денари од кои 3.095.820 денари се обезбедени од УНДП и СИДА, а 2.155.155 денари од буџетот на Општина Велес.

Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Советот на Европа, Министерство за труд и социјална политика и Општина Велес за реализација на фаза II од Програмата Ромактед за поддршка и интеграција на Ромите на локално ниво.

# ПРОЕКТИ



Во тек е меѓународен проект за заштита на културно наследство, финансиран од францускoто Министерство за Европа и надворешни работи. Во рамки на проектот се прави попис на културното наследство во Велес, поточно околината на Саат кулата како и поставување на сигналитика (унифицирани табли) за промоција на културните и туристичките капацитети на Велес.

Во тек е проект на УСАИД за зајакнување на општинските капацитети за искористување на ресурси. Проектот овозможува обука и зајакнување на капацитетите на општинската администрација за управување со даноци, подобрување на финансиската отчетност и транспарентност.






Во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети“, финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка, имплементиран од УНДП, обезбедено е ново теренско возило за ТППЕ Велес.

## Изградба и реконструкција на улици, водоводни и канализациони системи



Реконструиран е плоштадот во село Г. Оризари со финансиски средства
во висина од 1.381.269 денари,
обезбедени од буџетот на Општина Велес.



Изграден е полигон за велосипеди (pump track) во Градски парк, со финансиски средства во висина од 3.950.000 денари, обезбедени од буџетот на Општина Велес и хортикултурно уредување на просторот.



Асфалтирани се дел од улиците „8 Март“, „Петар Поп Арсов“,и „Методија Андонов- Ченто“, со финансиски средства во висина од 1.526.584 денари, обезбедени од буџетот на Општина Велес.



Изградена е фекална канализација, шахти и приклучоци во населба Отовица,со финансиски средства во висина од 263.993 денари, обезбедени од буџетот на Општина Велес.

# ИНФРАСТРУКТУРА

## Изградба и реконструкција на улици, водоводни и канализациони системи




Асфалтиран е дел од улица „Архиепископ Михаил“, со финансиски средства во висина од 1.377.750 денари, обезбедени од буџетот на Општина Велес.

Бетониран е дел од улицата „Андон Шурков“ со финансиски средства во висина од 878.779 денари, обезбедени од буџетот на Општина Велес.



Бетониран е дел од улицата „Јован Басаров“, со финансиски средства во висина од 1.273.550 денари, обезбедени од буџетот на Општина Велес.






Изградена е улица 3-3 во месноста Касарна Велес, со финансиски средства во висина од 6.375.988 денари од Бирото за регионален развој и од буџетот на Општина Велес.

# ИНФРАСТРУКТУРА

## Изградба и реконструкција на улици, водоводни и канализациони системи



Изграден е потпорен ѕид на улица „Кирил и Методиј“, со финансиски средства во висина од 886.999 денари, обезбедени од буџетот на Општина Велес.
Издадени се налози за изградба и санација на потпорни ѕидови на улиците „Ганчо Хаџи Панзов“, „Димитрија Чуповски“ и на улица „Благој Ѓорев“.



Реконструкција на фекална канализација на улиците „Страшо Пинџур“, „Никола Оровчанец“ и „Илинденска“ во должина од 400 метри, со финансиски средства во висина од 4.908.809 денари, обезбедени од Министерството за транспорт и врски.



Реконструкција на фекална канализација на улици „Јовче Ќучук“ и дел од улица „Орце Шутев“, во должина од 350 метри, со финансиски средства во висина од 4.484.253 денари, обезбедени од Министерство за транспорт и врски.



Реконструкција на водоводна линија на улица „8 Септември“ со финансиски средства во висина од 3.965.814 денари обезбедени од Министерство за транспорт и врски.



Реконструкција на водоводна линија на улица „Костурска“, со финансиски средства во висина од 4.190.392 денари, обезбедени од Министерство за транспорт и врски.



Изградба на водоводна линија во населба Речани, делница 2, со финансиски средства во висина од 2.395.720 денари, обезбедени од програмата ТАВ Македонија.

# ОБРАЗОВАНИЕ

Реконструкција на двор на ООУ „Св. Кирил и Методиј“, со финансиски средства во висина од 2.034.147 денари од училиштето и набавка и монтажа на парен котел со финансиски средства во висина од 497.000 денари.



Реконструкција на спортска сала на ООУ „Св. Кирил и Методиј“, со финансиски средства во висина од 11.291.100 денари, обезбедени од Министерството за образование и наука.



Инсталиран нов систем за парно греење во ООУ „Рајко Жинзифов“ во Г. Оризари, со финансиски средства во висина од 2.204.287 денари од училиштето. Обезбедени се и 24.500.000 денари од Министерството за образование и наука и Општина Велес за изградба на нова спортска сала.



Реконструкција на фасада на ООУ „Васил Главинов“ со финансиски средства во висина од 7.010.377 денари, обезбедени од Министерство за образование и наука. Заменета е столарија со финансиски средства во висина од 961.347 денари обезбедени од Влада. Заменета е столарија со финансиски средства во висина од 1.988.978 денари, обезбедени од блок дотации.



# ОБРАЗОВАНИЕ

Реконструкција на кабинети и училници во ССОУ „Димитрија Чуповски“ со финансиски средства во висина од 8.041.594 денари од блок дотации.



Реконструкција на кабинети и санитарни јазли во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ со финансиски средства во висина од 3.221.448 од блок дотации.



Реконструкција на Локална библиотека “Гоце Делчев” со финансиски средства во висина од 575.544 денари од блок дотации.



ОЈУДГ„Димче Мирчев” набави опрема за опремување на дворовите во сите детски градинки со средства во висина од 2.354.847 денари, од блок дотации.



# ОБРАЗОВАНИЕ



Реконструкција на водовод и одвод во СОУ „Јовче Тесличков“ и реконструкција на простории со молерај, со финансиски средства во висина од 375.577 денари, од блок дотации.
Заменети стари со нови врати и изработка на ПВЦ подови со финансиски средства во висина од 1.449.617 денари од блок дотации.

Во тек е потпишување на договор за реконструкција на подови во ламела 2, ламела 4 во ООУ „Блаже Конески“ со финансиски средства во висина од 6.500.000 денари, од блок дотации.

Во тек е инсталација на централно греење во П.У. Мамутчево со финансиски средства во висина од 370.000 денари од блок дотации.

Реконструкција на партерни површини во ОЈУДГ„Димче Мирчев” - Објект 5 со финансиски средства во висина од 1.170.146 денари од блок дотации.







# ЖИВОТНА СРЕДИНА









- Засадени 491 повеќегодишни листопадни садници

- 1035 садници засадени од Здруженија на граѓани, поединци и политички партии

- Засадени 135.000 садници на опожарениот дел на езеро Младост на 55 хектари површина





- Доделени 48 повеќегодишни садници на правни и физички лица

- Поделени канти за отпад во село Бузалково, село Башино Село и во градот.





# КОМУНАЛНИ РАБОТИ









- ЈКП Дервен спроведе активности во неколку акции за чистење на голем број на диви депонии и чистење на атмосферски канали и притоа се собрани 480м3 отпад

- Докомплетирање на СКАДА системот за управување и мониторинг на водоснабдувањето. Приклучени се двата преостанати објекти во склоп на водоснабдителниот систем (резервоар за вода Р6 – Св. Илија и резервоар за вода во н. Отовица)

- Поставени заштитни П огради, заменети се сите украдени решетки и сливници, санирање на урбана опрема и корпи за отпадоци

- Расчистување на неорганизирано зеленило на повеќе локации, кроење на гранки кои ја попречуваат видливоста на сообраќајните знаци на сите сообраќајници во градот и сечење на дел од стари, опасни и деградирани дрвја и гранки кои претставуваа потенцијална опасност по околината.











# ДРУГИ АКТИВНОСТИ



Издадени 100 решенија за легализација на дивоизградени објекти

Потпишан Колективен договор за унапредување на правата на вработените во Општина Велес





Градоначалникот Марко Колев избран за претседател на Советот на Вардарски плански регион

Воспоставен отворен ден за средба со граѓаните на Општина Велес



Одржана свечена седница во салата „Бели Мугри“, по повод 9 Ноември, Денот на Велес.
Доделени деветтоноемвриски признанија и благодарници на истакнати поединци и компании за придонес и афирмација на градот.



Одржани 54. Детски Рацинови средби на кои се доделија наградите на добитниците на најдобрите дела од литературниот и ликовниот конкурс посветен на безвремениот Рацин.




Востановена ноќна атлетска трка по повод Денот на Велес, 9 Ноември.




Одржувањето на шеесет и второто издание на традиционалната манифестација „Избор на најдобар спортист и екипа на Велес за 2021 година“, уште еднаш потврди дека Велес е расадник на спортисти кои гордо и достоинствено го промовираат градот во државата и надвор од границите.



# ЈАВНИ НАСТАНИ

Одржан хуманитарен новогодишен базар во организација на Општина Велес



Одржан регионален саем на социјално претприемништво во Вардарски плански регион во организација на Регионалниот центар за поддршка на социјални претпријатија



Учество на градоначалникот Марко Колев на панел дискусија на тема „Идната соработка помеѓу општините и стопанството“ во организација на македонско-германско стопанско здружение и Фондациите „Фридрих Еберт“ и „Конрад Аденауер“



Поддршка на кампања 16 дена активизам против родово базирано насилство



# АПЛИЦИРАНИ ПРОЕКТИ

1.Рехабилитација на дел од улица „АСНОМ“ и дел од улица „Андон Шурков“ – 5.497.227 денари

2.Рехабилитација на дел од улица „8 Март“ - 7.137.664 денари

3.Реконструкција на дел од улица „Лазо Осмаков“ – 10.809.602 денари

4.Реконструкција на дел од улица „Луј Пастер“ – 17.866.303 денари

5.Реконструкција на дел од улица „Љубљанска“ – 6.871.780 денари

6.Реконструкција на улица „Орце Мартинов“ – 5.050.467 денари

7.Реконструкција на дел од улица „Живко Фирфов“ и дел од улица „Благој Ѓорев“ – 27.797.843 денари

8.Реконструкција на улица „Алексо Демниевски- Бауман“ – 11.590.822 денари









# Општина Велес

ул. Панко Брашнар бр.1

www.veles.gov.mk

opve@veles.gov.mk

+389 (0)43 232 406

Февруари 2022